Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр. 10-2680/3
Скопје, 11-10-2021 година

**До: Фондација отворено општество – Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Мислење по Предлог-иницијатива "Унапредување на модел за финансирање на ГО од буџетот на државата со подготовка на нов Закон за формирање независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на ЕУ проекти" на Фондација отворено општество - Македонија**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање во рамки на своите законски надлежности, Ве известуваме дека Министерството за правда ја разгледа Предлог-иницијатива за "Унапредување на модел за финансирање на ГО од буџетот на државата со подготовка на нов Закон за формирање независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на ЕУ проекти, со што ќе се воспостави транспарентен и доверлив модел за државно финансирање" на Фондацијата отворено општество - Македонија, поднесена согласно повикот од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, а со цел за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2022 година.

Во таа насока, Министерството за правда е посветено и отворено за соработка и континуирано дава поддршка во процесот на креирање на политики за развој на граѓанското општество, како еден од стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија.

Со оглед дека се работи за материја поврзана со ЕУ проекти генерално и начинот на нивното финансирање, Ве известуваме дека ова е во надлежност на Министерството за финансии и НИПАК/СЕП, Ве упатуваме за релевантноста и прифатливоста на горенаведениот предлог – иницијатива да побарате мислење и од Национален ИПА Координатор (НИПАК) во рамките на СЕП, кој врши следење на одржливоста на проектите од аспект на исполнување на целите на проектите и


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

програмите генерално, како и од Секторот за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош – ИПА, при Министерството за финансии кое ги врши работите што се однесуваат на финансиско управување со претпристапните фондови на Европската Унија за Република Северна Македонија и работи поврзани со Националниот координатор за авторизација (НАО) во рамките на Министерството за финансии.

Воедно, Ве известуваме дека за натамошните активности поврзани со оваа предлог иницијатива, од аспект на подготовка на ново законско решение е надлежно Министерството за финансии.

Со почит,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**

**м-р Бојан Маричиќ**

Копија до: Влада на Република Северна Македонија -Генерален Секретаријат – Сектор за анализа на политиките и координација

Подготвила: м-р Бојана Ацевска, виш соработник , ИПА одделение, 13.10.2021
Проверила: Бојана Босилкова, раководител на одделение за преговори и интеграција
Одобрил: м-р Фросина Тасевска, државен советник за ЕУ интеграција


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification